Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

Магистерските студии се со траење од една година, со вклучени мобилности на професорите и студентите од и кон партнерските универзитети, при што кандидатите се стекнуваат со диплома магистер на технички науки од областа на индустриското инженерство и менаџмент, со можност за двојна диплома од Техничкиот универзитет во Торино. Студиите започнуваат во учебната 2011/2012 година, во согласност со Конкурсот за упис на втор циклус студии на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје. Преку наведениот проект, а за потребите на новите магистерски студии, на Машинскиот факултет во Скопје етаблиран е PLM Центар (Центар за менаџмент на животен циклус на производите) со моќна хардверска и софтверска подршка од Teamcenter PLM на компанијата Siemens Industry Software Ltd.

Притоа, компанијата Siemens Industry Software Ltd. донесе одлука на Машинскиот факултет во Скопје да донира 80 лиценци од комплетниот комплексен производ Siemens PLM Software (чиј дел е Teamcenter PLM), призвод со исклучително висока комерцијална вредност, сочинет од над педесет софтверски пакети. Преку оваа донација, Машинскиот факултет добива силна инфраструктура, која низ наставно-научниот процес ќе им биде на располагање на студентите, а истовремено моќни ресурси за идни истражувања и одлична база за соработка со компаниите во правец на подобрување на компетитивноста на нивните производи, преку воведување на PLM бизнис стратегија.

Тим од компаниите Siemens Industry Software Ltd. и ITS-Industrial Technology Systems, дистрибутер за Југоисточна Европа, престојува на Машинскиот факултет со цел да го реализира процесот на инсталација и обука за донираниот комплексен производ Siemens PLM Software и тоа во три фази: прва фаза која е во тек (март 2011 година) и се однесува на инсталација во PLM Центарот на Машинскиот факултет, втора и трета фаза, кои ќе се реализираат во мај и јуни 2011 година на Машинскиот факултет и во централата на Siemens и ITS, со цел обука на наставниот и ИТ техничкиот кадар за донираниот комплексен производ.

Претставниците на Siemens и ITS на 23 март 2011 година, на Машинскиот факултет одржаа повеќе презентации на содржината, модулите и можностите на комплетниот PLM производ, наменети за академскиот кадар и истражувачите, како и презентации за претставниците од компаниите, менаџерскиот и инженерскиот кадар. На 24 и 25 март 2011 година, започнаа циклусите на обуки на наставниот кадар вклучен во студиите и административниот и ИТ техничкиот кадар за подршка на инфраструктурата на комплексниот производ.

Наведените активности се реализираат под координација на проф.д-р Валентина Гечевска од Машинскиот факултет во Скопје, како раководител на наведениот проект MASTER-PLM.



## ЕУРЕКА

На 24-25.03.2011 година во алатницата во Горење, Велење во Р. Словенија се одржа координативен состанок на сите партнери на ЕУРЕКА проектот: Иновативни процеси за волуменско лимени компоненти позитивно наклонети кон животната средина, ECO-CAN, каде учествува и Машинскиот факултет. Во проектот покрај нашиот факултет и Машинскиот факултет од Љубљана учествуваат ArcelorMittal и Раде Кончар ТЕП од Скопје и LIV hidravlika in kolesa д.о.о. од Постојна. На состанокот беа договорени наредните активности во насока на испитување на оптимални карактеристики на материјалите. Покрај координаторот на проектот, проф. д-р Јасмина Чалоска на состанокот присуствуваа и проф. д-р Јован Лазарев и Жарко Георгиевски дипл. маш. инж. од Раде Кончар ТЕП.

## ПОСЕТА

Во организација на Кабинетот на Министерот Веле Самак, на 29.2.2011 година Машинскиот Факултет го посетија претставници на компанијата Heidelberger Druckmaschinen AG, германска компанија производител на машини за offset принтинг со околу 16,500 вработени и производствени капацитети ширум светот. Претставници на Heidelberger за прв пат ја посетија Македонија со цел да ја разгледуваат како нова локација за потенцијално производство на мали механички делови за нивните големи машини за печатење. За време на посетата на МФС, тие добија информации и слика за високото образование во Македонија, расположливост и профил на идни вработени и потенцијални соработки.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец март 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска заради учество на координативниот состанок со членките на проектот ЕУРЕКА оствари службено патување во Велење, Р. Словенија во период од 24-25 март 2011 год.
2. Проф. д-р Александар Ношпал и проф. д-р Валентино Стојковски со прифатен научен труд земаа учество на меѓународниот симпозиум "Енер-гетика 2011" одржан во Златибор, Р.Србија во период од 23-25 март 2011 година.
3. Вон. проф. д-р Дарко Данев и вон. проф. д-р Атанас Кочов во период од 16-18 март 2011 година реализираа посета на компанијата LEAR во Remscheid, Сојузна Република Германија со цел водење разговори за идна соработка со можност за договарање на проект во областа на стандардиза-цијата на продукти користени во работата на LEAR.
4. Вон. проф. д-р Златко Петрески, вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски, доц. д-р Игор Ѓурков и асс. м-р Јована Јованова во период од од 13-20 март 2011 година, оствариja посета на Универзитетот за применети науки во Ахен, Германија, кое како активност е предвидена со ТЕМПУС IV проектот "Развој на регионалини интердисциплинарни студии по мехатроника".
5. Вон. проф. д-р Виктор Стојмановски во својство на менаџер на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија присуствуваше на состанокот на Steering and advisory Group na Enterprise Europe Network одржан во Брисел, Белгија од 7-10 март 2011 година
6. Проф. д-р Роберт Миновски, проф. д-р Валентина Гечевска и проф. д-р Атанас Кочов, заради реализација на тренинг престој на Европскиот партнер институција, кој како активност е предвиден со Темпус MAS-PLM проектот оствари службено патување во Торино, Италија од 6-10 март 2011 година.
7. Вон. проф. д-р Зоран Богатиноски, заради добивање на сознанија во насока на новата реконструкција на студиите на нашиот факултет и нивна компатибилност со студии од некои европски универзитети, оствари посета на Техничкиот факултет во Дармштат, Германија во период од 10-13 март 2010 година.
8. Проф. д-р Александар Мојсовски, заради релизирање на стручен посета и престој на повеќе компании оствари службено патување во Љубљана, Словенија и Франкфурт, Германија од 17-23 март 2011 година.
9. Вон. проф. д-р Атанас Кочов заради учество на состанокот на "JRC Board of Governors" на Европскиот истражувачки центар-JRC, како член на истиот, рализира службеното патувањето во Севиља, Шпанија во период од 2-5 март 2010 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**22.04.2011**
**Велики Петок, петок пред Велигден**

**25.04.2011**
**Велигден, вториот ден од Велигден**

**26.04.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**28.04.2011**
**30 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, март, број 99**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ДОНАЦИЈА ЗА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ОД Siemens Industry Software Ltd

На Машинскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје акредитирани се нови магистерски студии за менаџмент на животен циклус на производ (PLM- Product Lifecycle Management), развиени како регионални студии преку соработка со универзитети од Италија, Словенија, Хрватска и Србија. Студиите се развиени под покровителство на Техничкиот универзитет во Торино, во соработка со универзитетите во Марибор, Нови Сад, Загреб и Сплит, како резултат на Tempus проектот MASTER-PLM, финансиран од Европската комисија.

